Јавно претпријатие
Ndërmarrja publike
ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО
PARQE DHE GJELBËRIME
Скопје, Република Северна Македонија
Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Број/Numër: 08-2391/12
Дата/Data: 22 12 2023

**ЈП ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО – СКОПЈЕ**

ЈП ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО
NP PARQE DHE GJELBËRIME
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ • СКОПЈЕ NDËRMARRJA PUBLIKE • SHKUP

# ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ НА ЈП ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО – СКОПЈЕ, ВО ДЕЛОТ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА 2024 ГОДИНА

**Скопје, Декември 2023 година**

Согласно член 83-85 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност *(Сл. весник бр. 37/97 – 119/2016)*, чл. 26 и чл. 30 од Статутот на ЈП Паркови и зеленило- Скопје., Директорот на ЈП Паркови и зеленило - Скопје, на Седницата одржана на ден 25.12.2023 г. на Управниот одбор на ЈП Паркови и зеленило ја достави за усвојување следната

**П Р О Г Р А М А**

**за дополнителни активности на ЈП Паркови и зеленило – Скопје, во делот на одржување на јавни зелени површини на подрачјето на Град Скопје, за 2024 година**

Во ЈП Паркови и зеленило во одржувањето на јавните зелени површини на поедини објекти кои се под ингеренција на Градот Скопје се забележува значително зголемен интензитет на одржување, што е во корелација со потребите на Градот, структурата на зеленилото и сите биотски и абиотски влијанија.

Во рамките на булеварското и блоковското зеленило новоподигнати и реконструирани се вкупно 102.805 м2 зеленило. Во 2023 година, извршена е комплетна структурна промена на тревните површини, интензивно пополнети со украсно - декоративен посадочен материјал, перени и сезонско цвеќе, што бара зголемување на интензитетот на плевење, кроење, проредување, обликување и повеќекратна замена на цветните детали.

Зголемениот интензитет на основните операции во булеварското зеленило како и одржувањето на неуредените површини бара вклучување на дополнителен број на непосредни извршители, независно од планирањето во Програмата за редовно одржување за 2024 година.

## Новоподигнати и реконструирани зелени површини 2023 година

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Хортикултурно уредување на јавна површина-зелен коридор на кеј Димитар Влахов-потег од МАНУ до Макпетрол | 1,396 |
| 2. | Хортикултурно уредување на јавна површина во СРЦ Сарај | 2,100 |
| 3. | Реконструкција на јавна површина - минор корито на кејот на река Вардар - потег од мост „М.Тереза“ до мостот „Близнак“ (по течението на река Вардар од левата страна) Потег од мост Генерал Михајло Апостолски до мост Близнак (фаза 3) | 10,667 |
| 4. | Хортикултурно уредување на јавна површина - зелен плоштад од споменикот на Филип Втори до Даут Пашин амам | 670 |
| 5. | Хортикултурно уредување на јавна површина - Мега парк во општина Ѓорче Петров кај река Лепенец (Лева страна 2дел и Средишна страна 2дел) | 6859 |
| | | 4038 |
| 6. | Хортикултурно уредување на јавна површина - зелен коридор на ул.Перо Наков во близина на Кванташки пазар | 1,613 |
| 7. | Хортикултурно уредување на јавна површина - зелен коридор на бул. Партизански Одреди и ул. Московска кај Архив на Град Скопје | 1,199 |
| 8. | Реконструкција на јавна површина - зелен коридор, странично зеленило на ул. „Даме Груев“ | 842 |
| 9. | Реконструкција на јавна површина зелен плоштад - на аголот помеѓу ул. „Даме Груев“ и Собрание на Р.С.Македонија | 343 |
| 10. | Хортикултурно уредување на јавна површина –Страничен зелен коридор Мега парк Даме Груев прва фаза | 14,034 |
| 11. | Реконструкција на јавна површина - зелен коридор странично зеленило на ул. Филип II Македонски | 455 |
| 12. | Реконструкција на зелен коридор на бул. АСНОМ потег од раскрсница со бул. Србија до раскрсница со ул. Февруарски поход Лева страна ( кај ФФМ ) и Десна страна ( спроти ФФМ ) | 17,494 |
| | | 9,557 |
| 13. | Хортукултурно уредување на средишна жардиниера на бул. Трета Македонска бригада спроти бензинска пумпа Окта | 168 |

| | | |
|---|---|---|
| 14. | Реконструкција на јавна површина - оштетена од ЈП Улица и патишта, делот кај фудбалските игралишта во СРЦ Сарај | 1,800 |
| 15. | Хортикултурно уредување на зелен коридор на бул. 8ми Септември (лева страна) - потег од бул. Илинден до хотел Александар Палас | 509 |
| 16. | Реконструкција на јавна зелена површина во СРЦ Сарај | 3,539 |
| 17. | Хортикултурно уредување на зелен плоштад - Касарна Илинден Универзитет Мајка Тереза | 10,800 |
| 18. | Хортикултурно уредување на јавна површина „Ботаничка градина“ ЗОО - Скопје | 12,598 |
| 19. | Хортикултурно уредување на странична зелена површина - „Ботаничка градина“ ЗОО - Скопје | 1,132 |
| 20. | Хортикултурно уредување на кружен тек на бул. 8-ми Септември и ул. Скупи - Фаза 1 | 746 |
| 21. | Хортикултурно уредување на јавна зелена површина пред Мепсо | 246 |
| | **Вкупно:** | **102.805** |

Врз база на зголемениот интензитет на оредени операции на новоподигнатите и реконструрианите површини како и одржувањето на неуредените површини се предлага зголемување на потребниот број непосредни извршители. За реализација на оваа Програма, потребно е вклучување на работници, распоредени по објекти, во зависност од динамиката и интензитетот во одржувањето на зеленилото.

Висина на надоместокот за исплата на работниците е утврдена на нето износ од 20.175,00 денари по работник, односно 23.405,00 денари, со пресметан данок и трошок за осигурување.

Вкупно потребни средства за исплата на надоместок изнесува 13.000.000,00 денари.

## ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ

За реализација на Програмата за дополнителни активности во делот на одржување на јавното зеленило, средствата за исплата на надоместоци за работниците, се обезбедени од буџетот на Градот Скопје.

## ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

Согласно член 83-85 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност *(Сл. весник бр. 37/97-119/16)* за извршување на јавни работи кое не спаѓаат во редовните програмски активности на претпријатието, може да се организираат јавни работи. Програмата за јавни работи ја подготвува организаторот. Јавните работи ги организираат единиците на локалната самоуправа и заинтересираните работодавачи од Јавниот сектор *(чл. 84 од горецитираниот закон)*

Ова е осма година, како во соработка со Град Скопје се организираат јавни работи.

Програмата ќе се реализира по добивање согласност од страна на Советот на Град Скопје.

Изготвиле: Александра Минчева Лукиќ
Ирена Ѓуревска
Контролирал: Тања Стојкоска

**Ј.П. Паркови и зеленило/**
**NP Parqe dhe Gjelbërime**
**Директор/ Drejtor**
**Sefi Shabani**